# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Мисија:**

Преку реализацијата на своите планови и проекти и преку интензивната промоција на нивните продукти, целта на Министерството за култура е да ја моделира перцепцијата на граѓаните на Република Северна Македонија и на граѓаните на светот за современата македонска култура, за нејзините придружни културни ентитети и за македонското културно минато. Исто така, заради реализација на културната политика, Министерството за култура тргнува од можноста за пошироко сфаќање на културата како начин на живеење во кој луѓето, потпирајќи се на традицијата, креативно ја надградуваат актуелната реалност со нови остварувања и вредности со кои се унапредуваат човековите права и слободи.

**Визија:**

Оформување модел кој ќе овозможи препознавање, признавање и опстанок на македонската култура со сите нејзини елементи и богатства.

Политиката за квалитет на **Министерството за култура** се базира врз следните основни начела:

- Создавање клима која ќе поттикне творечко и економски рентабилно остварување на културните проекти кои се од непроценливо значење за културниот идентитет на Република Северна Македонија и за сите нејзини единки од мултикултурното општество;
- Соодветно управување и ревитализација на одредени видови на културното наследство заради социоекономски развој на национално и на локално ниво;
- Афирмација на националната култура во земјите од регионот, од ЕУ и од светот;
- Почитување на важечките законски прописи и барања;
- Квалитетни, навремени и одговорни услуги кон корисниците на услугите на Министерство за култура како што се физички и правни лица и институции;
- Континуирана едукација на персоналот, зајакнување на одговорноста на вработените и развивање на партнерски односи со сите заинтересирани страни;
- Постојано усовршување на процесите и континуирано унапредување на Системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015;
- Обезбедување на здрава работна средина и тренинг за потикнување на свеста на вработените за заштита на животната средина;

Политиката за квалитет е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.

Дата
01.07.2021

МИНИСТЕР
Ирена Стефоска